
Smetkovoditeli.com.mk

БОНУСИ, 13-ТА ПЛАТА, НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК

Декември 2019	Информативен - напис	Smetkovoditeli.com.mk

ВОВЕД

Бонуси врз основа на деловна успешност, бонуси врз основа на прекувремена работа, 13-та плата, новогодишни надоместоци, пактечиња за вработени, се теми кои се многу актуелни во месец декември со оглед на тоа што завршува годината, а се приближуваат и новогодишните празници.



Сите овие надоместоци и додатоци на плата се уредени со Законот за работни односи (Службен весник на РМ 62/05...110/19) како и во Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Службен весник на РМ 115/14...150/16). Ние во овој информативен напис ќе се обидеме да ги објасниме овие додатоци и надоместоци од плата од правен аспект (кој има право на таков надоместок, кога тој се исплаќа и слично) како и нивниот сметководствен третман од аспект на сметководство и даночен аспект.

ДЕЛ ПО ОСНОВ НА ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ (БОНУС) КОЈ СЕ ВКЛУЧУВА ВО ПЛАТАТА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2019

Согласно член 105 став 3 од Законот за работни односи, платата е составена од основна плата, дел од платата за работната успешност и додатоците, ако со друг закон поинаку не е определено.

Основната плата се определува земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот го склучил договорот за вработување.

<u>Работната успешност се мери, односно проценува за поединци или групи на работници според однапред утврдени критериуми и мерила со кои работникот се запознава пред да почне да работи.</u>

Резултатите од работењето на работникот ги утврдува, односно оценува работникот кој го води и организира процесот на работа. Доколку работникот не ги достигнува работните резултати од причини што не зависат од работникот, (немање на струја и други енергенси, дефект на машините и немање на суровини или други објективни причини утврдени со колективен договор на ниво на работодавач), има право на основната плата.

***<u>Критериуми и мерила за утврдување на работната успешност се</u>*:** домаќински однос; обем; квалитет; креативност и инвентивност, остварена продуктивност, економичност; заштеди во процесот на работење; ефикасност и користење на средствата за работа и работното време и други утврдени со колективен договор на ниво на дејност, односно на ниво на работодавач.

Пример:
Управителот на Друштвото “Тест АА”, врз основа на својата финансиска можност, на 20 Декември 2019 година донел одлука на својот вработен да му исплати и додаток за деловна успешност-бонус во износ од 12.000 денари поради добрите финансиски резултати остварени во тековната година. Основната бруто плата на Лицето НН согласно договорот за вработување изнесувала 25.000 денари.

Пресметка:
Основна бруто плата = 25.000 денари
Додаток за деловна успешност – бонус = 12.000 денари

Пресметка на плата				
Опис	**стапка**	**бонус**	**бруто плата**	**вкупен износ**
Бруто плата (внесете податок за договорена бруто плата)		12000	25000	37000
Придонес за задолжително ПИО	18.40%	2208	4600	6808
Придонес за задолжително здравствено осигурување	7.40%	888	1850	2738
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на здравствено за случај на повреда на работа и професионално осигурување	0.50%	60	125	185
Придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност	1.20%	144	300	444
Вкупно придонеси		**3300**	**6875**	10175
Бруто плата намалена за придонеси		8700	18125	26825
Даночно намалување		не се користи	8000	8000
Вкупна даночна основа за пресметка на данок на доход		**8700**	**10125**	18825
Даночна основа за пресметка на данок на доход со 10% (даночна основа до 90000 денари)	10%	8700	10125	18825
Данок на доход со 10%		**870**	**1012.5**	1882.5
Нето плата		**7830**	**17112.5**	24942.5

Книжење:

Конто		Опис	Износ	
Должи	**Побарува**		**Должи**	**Побарува**
421		Бруто плата	37.000	
240		Обврски за бруто плата	37.000	
	240	Обврски за бруто плата		37.000
	243	Нето плата		24.943
	234	Обврски за пензиско и инвалидско осигурување		6.808
	234	Обврски за здравствено осигурување		2.738
	234	Обврски за вработување		444
	234	Обврски за дополнително здравство		185
	234	Обврски за данок на личен доход		1.883
		Книжење на плата		

Бонусот (додатокот за деловна успешност) како дел од платата на вработениот во МПИН не се искажува посебно. Единствено треба да биде евидентирано во исплатното ливче на вработениот.

Друштвото за подетална евиденција треба да си отвори аналитички конта во кои посебно ќе бидат евидентирани основната бруто плата, како и додатокот по основ на деловна успешност.

Даночни цели:
*<u>Бонусот врз основа на деловна успешност оди со комплет придонеси, исто како и редовната плата со тоа што за истиот **не се користи даночно ослободување** затоа што истото веќе се користи за пресметката на редовната плата</u>*

Smetkovoditeli.com.mk

-ИНФОРМАТИВЕН НАПИС-

БОНУС ЗА ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА (НАД 150 ЧАСА ГОДИШНО)

Работникот е должен на барање на работодавачот да врши работа преку полното работно време (прекувремена работа):

- → во случаи на исклучително зголемување на обемот на работата;
- → ако е потребно продолжување на деловниот или производниот процес;
- → ако е потребно да се отстрани оштетување на средствата за работа, што би предизвикало прекинување на работата;
- → ако е потребно да се обезбеди безбедност на луѓето и имотот, како и безбедноста на прометот и
- → во други случаи определени со закон или колективен договор.

Прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени. Прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.

Согласно наведеното, а секако во корелација со став 4 од член 117 од Законот за работни односи, работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината, кај истиот работодавач во кои не се засметуваат деновите на искористен годишен одмор, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и **бонус во висина од една просечна плата во Републиката**

ГЛОБАЛ
ГРОУП
КОНСАЛТИНГ 02/5126-533

Пример:
Друштвото "Тест АА", врз основа на член 117 од ЗРО на Лицето НН треба да му исплати бонус за прекувремена работа, односно заради одработени повеќе од 150 прекувремени часа во календарската година. Согласно договорот за вработување лицето е пријавено на основна бруто плата од 25.000 денари.

Како просечна месечна плата исплатена во Републиката се зема просечната плата во претходната година.

Во случајов кај нас, просечна месечна плата за 2018 година изнесува 35.625 денари.

Основна бруто плата = 25.000 денари
Просечна месечна плата за 2018 година = 35.625 денари

Пресметка на плата				
Опис	**стапка**	**бонус**	**бруто плата**	**вкупен износ**
Бруто плата (внесете податок за договорена бруто плата)		35625	25000	60625
Придонес за задолжително ПИО	18.40%	6555	4600	11155
Придонес за задолжително здравствено осигурување	7.40%	2636.25	1850	4486.25
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на здравствено за случај на повреда на работа и професионално осигурување	0.50%	178.125	125	303.125
Придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност	1.20%	427.5	300	727.5
Вкупно придонеси		**9796.875**	**6875**	16671.875
Бруто плата намалена за придонеси		25828.125	18125	43953.125
Даночно намалување		не се користи	8000	8000
Вкупна даночна основа за пресметка на данок на доход		**25828.125**	**10125**	35953.125
Даночна основа за пресметка на данок на доход со 10% (даночна основа до 90000 денари)	10%	25828.125	10125	35953.125
Данок на доход со 10%		**2582.8125**	**1012.5**	3595.3125
Нето плата		**23245.3125**	**17112.5**	40357.8125


Книжење:

Конто		Опис	Износ	
Должи	**Побарува**		**Должи**	**Побарува**
421		Бруто плата	60.625	
	243	Нето плата		40.358
	234	Обврски за пензиско и инвалидско осигурување		11.155
	234	Обврски за здравствено осигурување		4.486
	234	Обврски за вработување		728
	234	Обврски за дополнително здравство		303
	234	Обврски за данок на личен доход		3.595
		По пресметка за плата		

Конто		Опис	Износ	
Должи	**Побарува**		**Должи**	**Побарува**
243		Нето плата	40.358	
234		Обврски за пензиско и инвалидско осигурување	11.155	
234		Обврски за здравствено осигурување	4.486	
234		Обврски за вработување	728	
234		Обврски за дополнително здравство	303	
234		Обврски за данок на личен доход	3.595	
	100	Жиро сметка		60.625
		Исплата на плата		

Друштвото, за подетална евиденција треба да отвори аналитички конта во кои посебно ќе бидат евидентирани основната бруто плата, како и додатокот по основ на бонус за прекувремена работа.

Даночни цели:
*Бонус за прекувремена работа (над 150 часа годишно) оди со комплет придонеси, исто како и редовната плата со тоа што за истиот **не се користи даночно ослободување** затоа што истото веќе се користи за пресметката на редовната плата.*



-ИНФОРМАТИВЕН НАПИС-

ТРИНАЕСЕТТА ПЛАТА ИСПЛАТЕНА ОД ДОБИВКАТА

Согласно член 105 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ 62/05...110/19), работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување мора да биде секогаш во парична форма. При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

Согласно, став (4) од истиот член, ***Работодавачот може на работникот да му исплати 13-та плата, доколку работодавачот има можност да ја исплати.***

Ова значи дека работодавачот нема обврска, туку само постои можност за исплата доколку истиот има можност за истата. Висината на истата не е определена (обично се зема една плата во висина на платата на секој работник одделно) и секако временскиот период не е наведен (обично следи по истекот на календарската година).

Согласно член 483 од Законот за трговски друштва е наведено дека Собранието, односно Собирот на содружници или содружникот одлучуваат за употребата на добивката според финансиските извештаи и годишната сметка. Како едно од понудените опции е и дополнителни издатоци, односно можноста за исплата на 13-та плата на вработените од добивката.

НАЈДИСМЕТКОВОДИТЕЛ
База на сметководствени бизниси smetkovoditeli.com.mk

Пример:

Друштвото “Тест АА” врз основа на донесена Одлука од страна на Управителот, на своите вработени заклучно со декември 2019 година донело Одлука да се исплати 13-та плата на сите вработени од добивката на друштвото. Друштвото брои 3 вработени и сите се пријавени на основна бруто плата во износ од 25.000 денари.

Пресметка:
Вкупна бруто плата: 3 вработени * 25.000 денари = 75.000 денари

Пресметка на плата

Опис	стапка	бруто плата
Бруто плата (внесете податок за договорена бруто плата)		75000
Придонес за задолжително ПИО	18.40%	13800
Придонес за задолжително здравствено осигурување	7.40%	5550
Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на здравствено за случај на повреда на работа и професионално осигурување	0.50%	375
Придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност	1.20%	900
Вкупно придонеси		**20625**
Бруто плата намалена за придонеси		54375
Даночно намалување		
Вкупна даночна основа за пресметка на данок на доход		**54375**
Даночна основа за пресметка на данок на доход со 10% (даночна основа до 90000 денари)	10%	54375
Данок на доход со 10%		**5437.5**
Нето плата		**48937.5**

Книжење:

Конто		Опис	Износ	
Должи	Побарува		Должи	Побарува
950		Акумулирана добивка од претходни години	75.000	
	243	Нето плата		48.938
	234	Обврски за пензиско и инвалидско осигурување		13.800
	234	Обврски за здравствено осигурување		5.500
	234	Обврски за вработување		900
	234	Обврски за дополнително здравство		375
	234	Обврски за данок на личен доход		5.438
		По пресметка за плата		

Конто		Опис	Износ	
Должи	Побарува		Должи	Побарува
243		Нето плата	48.938	
234		Обврски за пензиско и инвалидско осигурување	13.800	
234		Обврски за здравствено осигурување	5.500	
234		Обврски за вработување	900	
234		Обврски за дополнително здравство	375	
234		Обврски за данок на личен доход	5.438	
	100	Жиро сметка		75.000
		Исплата на плата		

*При пополнување во образецот МПИН во поле 1.3 се внесува **шифра 102***

Даночни цели:
*Тринаесета плата исплатена од добивката оди со комплет придонеси, исто како и редовната плата со тоа што за истата **не се користи даночно ослободување** затоа што истото веќе е искористено за пресметката на редовната плата*



Smetkovoditeli.com.mk

-ИНФОРМАТИВЕН НАПИС-

НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК

Со Законот за работни односи, новогодишниот надоместок воопшто не е утврден како право на вработениот, како надоместок од работен однос.

Новогодишниот надоместок е предвиден со член 35-в од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, како право на вработените кое може да се утврди со колективен договор на ниво на гранка или дејност.

Бр	Грански колективен договор	Одредба	Висина на новогодишен надоместок
1	Грански колективен договор за финансиски дејности	Член 45 став (3) точка 2	60% од *основицата
2	Грански колективен договор за Хемиска индустрија	Член 56 став (1) точка 8	висина определена со колективниот договор на ниво на работодавач и која **неможе да биде помала од минимална плата утврдена со Законот за минимална плата**. Во случај кога кај работодавачот настанале потешкотии во работењето (загуби по завршна сметка и елементарни непогоди), новогодишниот надоместок нема да се исплати
3	Грански колективен договор за енергетика	Член 55 став (3)	50% од *основицата
4	Грански колективен договор за сообраќај и врски	Член 92	65% од *основицата
5	Грански колективен договор за текстилна индустрија	Член 49 став (1) точка 9	**не помалку од најниската плата утврдена со овој колективен договор**. Во случај кога кај работодавачот настанале потешкотии во работењето (загуби по завршна сметка и елементарни непогоди), новогодишниот надомест нема да се исплати. Доколку кај работодавачот настанат објективни економски потешкотии, дали ќе се исплатат надоместоците од претходниот став и за висината на истите се спогодуваат работодавачот и синдикатот
6	Колективен договор за вработените во индустријата	Член 92	65% од *основицата
7	Колективен договор за заштитни друштва	Член 64	Со колективен договор на ниво на работодавач или акт на работодавач, може да се утврди правото и висината на новогодишниот надоместок
8	Колективен договор за угостителство	Член 77 став (2)	60% од *основицата
9	Колективен договор за вработените во тутунското стопанство	Член 95	65% од *основицата
10	Колективен договор за вработените во прехранбената индустрија	Член 92	65% * основицата
11	Колективен договор за кожарска и чевларска индустрија	Член 49 став (1), точка 9	не помалку од најниската плата утврдена со овој колективен договор. Во случај кога кај работодавачот настанале потешкотии во работењето (загуби по завршна сметка и елементарни непогоди), новогодишниот надомест нема да се исплати.
12	Колективен договор за вработените во градежната индустрија	Член 92	Висината на новогодишниот надоместок за време на новогодишните празници изнесува 65% од просечната месечна плата во Републиката исплатена во претходните три месеци
13	Колективен договор на друштвата од друго монетарно посредување и дејноста на посредување во работењето во хартии од вредност и стокови договори	Член 45 став (3) точка 2	60% од *основицата
14	Колективен договор за земјоделство и прехрамбена индустрија	член 75 став (5) точка 8	50% од *основицата
15	Колективен договор за комунални дејности	Член 80 став (2)	60% од *основицата

****** Основица претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во претходните три месеци.***

Терк на Одлука за исплата на новогодишен надоместок

Согласно член 35 -в од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанство на РМ, а во врска со член _____ од Гранскиот колективен договор од областа на _____, управителот на друштвото _____ ДОО Скопје со седиште на Ул. “ _____“ Бр. _____ Скопје, на ден _____ 2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за исплата на новогодишен надоместок

Член 1

Управителот на Друштвото одлучи на сите вработени во друштвото, кои се во работен однос во друштвото заклучно со ден __/12/2019 година, да им се исплати новогодишен надоместок.

Член 2

Новогодишниот надоместок ќе се исплати во износ од _____ денари , на секој вработен поединечно на транскациска сметка.

Член 3

Се задолжува службата за сметководство да ја спроведе оваа одлука.


Член 4

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното потпишување.

__/12/2019 година, Скопје

Управител:

_____



Пример:

На ден 03.12.2019 година Управниот Одбор на Друштвото “ Тест АА ” кое е дел од прехрамбената индустрија носи одлука за исплата на новогодишен надоместок на своите вработени. За истиот пресметува и исплатува данок на личен доход. Вкупниот број на вработени изнесува 4.

***Дополнителни информации**

Согласно Колективниот договор за земјоделство и прехранбена индустрија минималната утврдена висина на новогодишниот надоместок е најмалку 50% од просечната нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци.

Согласно последниот извештај од Заводот за статистика просечната плата за последните три месеци објавена на 19.11.2019 година изнесува 25.221 денари.
25.221 денари * 50% = 12.611 денари
12.611 денари * 11,1111% = 1.401 денари
Бруто приход по вработен = 14.012 денари
Вкупен трошок = 14.012 * 4 вработени = 56.049 денари
Вкупен нето износ за исплата = 12.611 * 4 вработени = 50.444 денари
Вкупен данок на личен доход = 1.401 * 4 вработени = 5.604 денари

-ИНФОРМАТИВЕН НАПИС-


Вкупен трошок кој ке ја зголеми даночната основа во даночен биланс во 2019 година по основ на непризнаени расходи е износот од 56.049 денари.

Книжење:

Конто		Опис	Износ		Забелешка
Должи	Побарува		Должи	Побарува	
422		Останати трошоци за вработени	56.049		
	242	Останати обврски спрема вработените врз основа на колективни договори		50.444	
	235	Обврски за данок на личен доход		5.604	
		За пресметкан Новогодишен надоместок			

Исплата на новогодишен надоместок:

	Конто		Опис	Износ		Забелешка
	Должи	Побарува		Должи	Побарува	
	242		Останати обврски спрема вработените врз основа на колективни договори	50.444		
	235		Обврски за данок на личен доход	5.604		
		100	Жиро сметка		56.049	
			За исплатен Новогодишен надоместок			



Пример: Новогодишни пакетчиња

Друштвото “Тест АА” донело одлука на своите вработени врз основа на бројот на деца да им се доделат новогодишни пакетчиња. За таа цел друштвото набавило 30 пакетчиња по продажна цена од 700 денари.

Обврски спрема добавувачи = 700 денари * 30 пакетчиња = 21.000 денари.
Данок на личен доход по вработен 700 денари * 11,1111% = 78 денари.
Вкупен данок на личен доход = 78 денари * 30 пакетчиња = 2.340 денари.
Бруто приход по вработен = 700 денари + 78 денари = 778 денари.
Вкупен трошок 778 денари * 30 пакетчиња = 23.340 денари.
Непризнат расход за цели на данок на добвика = 23.340 денари * 90% = 21.006 денари.
*трошокот по основ на новогодишни пакетчиња

Вкупен трошок кој ке ја зголеми даночната основа во даночен биланс во 2019 година по основ на непризнаени расходи е износот од 21.006 денари.

Книжење:

	Конто		Опис	Износ		Забелешка
	Должи	Побарува		Должи	Побарува	
	444		Трошоци за репрезентација	23.340		
		220	Обврски спрема добавувачи во земјата		21.000	
		235	Обврски за данок на личен доход		2.340	
			По одлука за доделување на новогодишни пакетчиња			

	Конто		Опис	Износ		Забелешка
	Должи	Побарува		Должи	Побарува	
	235		Обврски за данок на личен доход	2.340		
		100	Жиро сметка		21.000	
			Платен данок на личен доход			

Даночни цели:

ДДВ – од аспект на данок на додадена вредност друштвото нема право на одбиток на влезен ддв врз основа на набавените новогодишни пакетчиња.

ДЛД- од аспект на данок на личен доход новогодишните пакењтчиња не се ослободени од оданочување со данок на личен доход и заради тоа за истите треба да се плати данок на личен доход, врз основа на претходно доставена декларација во системот на Е-ПДД

ДД- од аспект на данокот на добивка новогодшните пакетчиња не се даночно признат расход и тие како такви ја зголемуваат даночната основа. Истите имаат третман на репрезентативен издаток и се внесуваат во АОП 12 што значи ја зголемуваат даночната основа за 90%.